# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## НА ОПШТИНА КАРПОШ

**Број 9 *  година IV  * среда, 02.09.2009 година  *  Карпош  *  цена:**

**Излегува по потреба**

**е-маил: kontakt@karpos.gov.mk        www.karpos.gov.mk**

**Скопје,  септември 2009  година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош
/“ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Квартален извештај за извршување на
Буџетот на Општина Карпош за II квартал за 2009 година

1. Се објавува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за II квартал за 2009 година, донесен на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/1
01.09.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 и член 41, ст. 1 и 2 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/2/ и член 16 од Статутот на Општината Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, а во врска со член 23, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 61/04/, Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, расправајќи по Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за II квартал, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Кварталниот извештај за извршување
на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година
за II квартал

1. Советот на Општината Карпош го усвојува Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2009 година, за II квартал.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 2730/1
31.08.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА

**Трифун Трифуновски,с.р**

**2.-**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за организација, делокруг, и начин на извршување на задачите на општинската администрација
на Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за организација, делокруг, и начин на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/2
11.09.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА

**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа /"Службен весник на РМ" бр. 5/2002/, член 13 од Уредбата за начелата, внатрешната организација на органите на државната управа /"Службен весник на РМ" бр. 105/2007/, Советот на Општината Карпош на Петтата седница, одржана на 31.08. 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
за организација, делокруг и начинот на извршување
на задачите на општинската администрација
на Општина Карпош

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се организира и се уредува внатрешната организација, видовите на организационите облици на општинската администрација, условите за нивно образување и раководење со нив, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош / во натамошниот текст: Општинска администрација/.

**Член 2**

Се организира општинска администрација за вршење на работи од надлежност на Општината утврдени со Законот за локалната самоуправа, посебните закони за одделни области, Уредбата за начелата за внатрешната организација на органите на државната управа и Статутот на Општина Карпош.

Вработените во општинската администрација кои вршат стручни, нормативно-правни, извршни, управно-надзорни работи и решаваат управни работи имаат статус на државен службеник.

За вработените од став 2 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државните службеници.

За вработените во општинската администрација кои вршат административно-технички или помошни работи кои немаат статус на државен службеник, ќе се применуваат одредбите од Законот за работните односи.

## II. ВИДОВИ НА ОРГАНИЗАЦИОНИ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА

**Член 3**

За извршување на работите од надлежност на Општината, во Општината се организира општинска администрација.

**Член 4**

Општинската администрација се организира во следните сектори и одделенија:

**А. СЕКТОР за правни работи**

- А.1. Одделение за норматива
- А.2. Одделение за правна заштита
- А.3 Одделение за поддршка на работата на советот

**Б. СЕКТОР за поддршка на Градоначалникот на Општината**

- Б.1. Одделение за координација на активностите на Градоначалникот,
- Б.2. Одделение за стручно и стручно административни работи
- Б.3. Одделение за помошни работи
- Б.4. Одделение за прашања од областа на месната самоуправа
- Б.5 Оделение za za{tita i spasuvawe na gra|anite и materијalnite dobra

**В. СЕКТОР за финансии**

- В.1. Одделение за планирање и извршување на Буџетот
- В.2. Одделение за утврдување на наплата на даноци, такси и други надоместоци
- В.3. Одделение за материјално финансиско сметководство

**Г. СЕКТОР за јавни набавки**

- Г.1. Одделение за набавки од мала вредност
- Г.2. Одделение за набавки од голема вредност

**Д. СЕКТОР за развој на Општината**

- Д.1. Одделение за локален економски развој
- Д.2. Одделение за занаетчиство,угостителство и туризам
- Д.3. Одделение за меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓани и фондации.

**Ѓ. СЕКТОР за урбанизам**

- Ѓ.1. Одделение за просторно и урбанистичко планирање
- Ѓ.2. Одделение за спроведување на урбанистички планови

**Е. СЕКТОР за уредување на градежно земјиште и комунални работи**

- Е.1. Одделение за уредување на градежно земјиште
- Е.2. Одделение за комунална инфраструктура

**Ж. СЕКТОР за дејности од јавен интерес**

- Ж.1. Одделение за образование
- Ж.2. Одделение за детска заштита, социјална заштита и здравствена заштита
- Ж.3. Одделение за култура и спорт.

**З. СЕКТОР за заштита на животната средина и природата**

- З.1. Одделение за заштита на животната средина и природата
- З.2. Одделение за енергетска ефикасност

5.-

**S. СЕКТОР за односи со јавност и информации за граѓаните**

S.1. Одделение за односи со јавност
S.2. Одделение за информации за граѓаните

**И. СЕКТОР инспекторат**

И.1. Одделение за урбанистичка и градежна инспекција
И.2. Одделение за комунална инспекција

**J. СЕКТОР за информатичка технологија**

J.1. Одделение за развој на информациониот систем
J.2. Одделение за информатичко- комуникациска инфраструктура
J.3. Одделение за географски информационен систем (ГИС)

**К. ОДДЕЛЕНИЕ за човечки ресурси**

**Л. ОДДЕЛЕНИЕ за внатрешна ревизија**

## III. ДЕЛОКРУГ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗАДАЧИТЕ

### Член 5

**А.** **<u>СЕКТОР за Правни работи</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- Следење и проучување на законите и другите прописи од значење за локалната самоуправа и изготвување на концепти и основи за нормативни и други општи акти со кои се уредуваат прашањата од надлежноста на Советот;
- иницирање и предлагање на донесување на прописи од надлежност на Советот;
- вршење стручни, организациони и други работи во подготвувањето ,одржувањето и реализацијата на седниците на Советот на Општината и на работните тела на Советот на Општината;
- предлагање на тези и проучување и следење на прашањата од локалната самоуправа што треба да претставуваат основа за изготвување на Програмата за работа на Советот;
- проучување на материјалите што се ставени на дневен ред на седница на Советот и на неговите работни тела;
- подготвување информации и други материјали по прашањата од областа на локалната самоуправа;
- вршење други работи што ке му бидат доверени.

**А.1 ОДДЕЛЕНИЕ за норматива** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување нормативни и други општи акти од надлежност на Градоначалникот и Советот на Општината;
- иницирање, предлагање и донесување на прописи од надлежност на Градоначалникот и Советот на Општината по одделни области;
- вршење стручна обработка на прашања кои се од значење за примената на законските одредби;
- изготвување анализи, информации, извештаи и стручни мислења;
- вршење работи што се однесуваат на изготвување на одделни акти и прописи од надлежност на други сектори;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**А.2 ОДДЕЛЕНИЕ за правна заштита** ги врши работите што се однесуваат на:

- давање мислења во врска со непосредна примена на законите, прописите и општите акти;
- вршење стручна обработка на прашања кои се од значење за примена на законските одредби;
- давање правна помош на граѓаните, изготвување информации и поднесоци
- преземање на правни средства пред судовите и државните органи за заштита на имотот и имотните права на Општината
- подготвување на образложени одговори на подносителите на претставките и предлозите што се однесуваат на работите од надлежност на Општината;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**А.3. ОДДЕЛЕНИЕ за поддршка на работата на Советот** ги врши работите што се однесуваат на:

- Подготвување, организирање и релизирање на седниците на Советот на Општината и на неговите работни тела;
- изготвување на Предлог-Програмата за работа на Советот и следење на нејзината реализација;
- изготвување текстови на одлуки, заклучоци, извештаи, записници и други општи акти од надлежност на Советот и на работните тела на Советот, водење стенографски белешки од седниците на Советот, а по потреба и од седниците на работни тела на Советот;
- давање стручни мислења во врска со работата на Советот;
- вршење немо-техничко обликување на прописите донесени на седниците на Советот за нивно објавување;
- давање стручна и друга помош на членовите на Советот;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 6**

**Б. <u>СЕКТОР за поддршка на Градоначалникот</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и проучување на законите и другите прописи од значење за локалната самоуправа и изготвување на концепти и основи на одлуки и други општи акти со кои се уредуваат прашањата од надлежноста на Градоначалникот на Општината;
- организирање, насочување и координирање на активностите на Градоначалникот;
- изготвување анализи, информации, извештаи и стручни мислења поврзани со надлежностите и активностите на Градоначалникот;
- вршење на протоколарни работи во насока на организирање на прослави од општински и поширок карактер;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Б.1. ОДДЕЛЕНИЕ за координација на активностите на Градоначалникот,** ги врши работите што се однесуваат на:

- организирање, насочување и координирање на активностите на Градоначалникот;
- организирање на стручен колегиум со раководителите на секторите во општинската администрација;
- организирање на комуникација со медиумите во однос на активностите на органите на Општината;
- организирање на отворена телефонска линија за новинари и граѓани;
- координирање и организирање на активностите на Комисијата за еднакви можности;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Б.2. ОДДЕЛЕНИЕ за стручно и стручно административни работи** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и применување на законските прописи и општите акти за канцелариско и архивско работење;
- навремено донесување на Планот за архивски знаци и листите на категории и за чување на архивска граѓа;
- водење евиденција за правилно архивирање на предметите според Планот за архивски знаци и листите на категории за чување на архивска граѓа;
- употребување на штембилите по овластување на Градоначалникот на Општината;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Б.3. ОДДЕЛЕНИЕ за помошни работи ги** врши работите што се однесуваат на:

- координирање и извршување на работите поврзани со управување и користење на
  имотот и опремата на Општината,
- предлагање мерки и активности за поефикасно и поекономично управување со имотот и опремата во сопственост и надлежност на Општината,

- организирање и координирање на активности за ефикасна реализација на потребите на сите сектори поврзани со користење и употреба на опремата и имотот на Општината.
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Б.4 ОДДЕЛЕНИЕ за прашања од областа на месната самоуправа** ги врши работите што се однесуваат на:

- континуирано следење на прописите во врска со уредувањето на прашањата од областа на месната самоуправа;
- подготвување информации по разни прашања од областа на месната самоуправа;
- учествување во изработка на годишни програми од областа на функционирањето на месната самоуправа;
- координирање на работата од областа на месната самоуправа;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Б.5 ОДДЕЛЕНИЕ за заштита и спасување на граѓаните и матерјалните добра** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на административно општи работи од областа на спасувањето и заштита на граѓаните, природата и матерјалните добра,
- предлагање, следење, проучување и применување на прописите од областа на заштитата и спасувањето на граѓаните и матерјалните добра,
- давање стручни мислења во врска со прашањата поврзани со управување со кризи,
- изготвување текстови на одлуки и други акти поврзани со прашањата за заштита и спасување на граѓаните и матерјалните добра од надлежност на работите на Градоначалникот и Советот на Општината,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 7**

**В. <u>СЕКТОР за финансии</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и проучување на прописите од областа на финансиското, сметководственото и материјалното работење;
- изработување на Буџетот на Општината и на Завршната сметка на Буџетот;-
- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот;
- водење евиденција на даночните обврзници и утврдување и наплата на даноците, таксите, надоместоците што се приход на Општината;
- учествување во изготвувањето на годишната програма за уредување на градежното земјиште;
- водење сметководствена евиденција;

- водење евиденција за имотот на Општината;
- поднесување Извештај за состојбата со Буџетот на Општината;
- материјално финансиски работи;
- водење сметководствена евиденција на буџетските корисници;
- вршење распределба на блок дотациите по буџетските корисници;
- следење на состојбите во утврдувањето на наплатата на даноци;
- водење Регистер на недвижен и подвижен имот на даночните обврзници, негово проверување и потврдување, спроведување на присилна наплата на даноците и таксите на Општината;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**В.1. ОДДЕЛЕНИЕ за планирање и извршувње на Буџетот** ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување на Предлог буџетскиот календар, подготвка на Буџетот на Општината и Одлуката за извршување на Буџетот;
- изготвување на Завршна сметка на Буџетот;
- изготвување програми;
- изготвување на месечни, квартални и годишни планови за трошење на средствата од Буџетот на Општината и следење на нивното извршување;
- водење финансиски и материјални и книговодствени работи;
- следење на остварувањето на приходите и извршувањето на расходите на Буџетот;
- следење на реализацијата на договорните обврски од програмите за уредување на градежното земјиште, за јавно осветлување, за изградба, редовно и инвестиционо одржување и зимско одржување на сервисните и станбените улици и локалните патишта;
- водење буџетско сметководство во согласност со Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**В. 2. ОДДЕЛЕНИЕ за утврдување и наплата на даноци и такси и други надоместоци** ги врши работите што се однесуваат на:

- организирање и ефикасно вршење на работите на утврдување на наплата на даноците како изворен приход на Општината, како и на таксите и надоместоците што се приход на Општината;
- водење на регистрите на недвижен и подвижен имот и негово усогласување со Регистерот кој го води Државниот завод за геодетски работи;
- грижи и организирање присилна наплата на даноците, таксите и другите надоместоци;
- обезбедување навремено задолжување на даночните обврзници согласно законските прописи;
- администрирање на данок на имот, данок на наследство и подарок и данок на промет на недвижности;

- континуирано следење на законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на такси и надоместоци како извори на приходи на Општината;
- прибирање и обработување податоци потребни за водење на даночното сметководство;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени;

**В. 3. ОДДЕЛЕНИЕ за материјално финансиско сметководство** ги врши работите што се однесуваат на:

- континуирано следење на законските прописи и другите општи акти од областа на сметководството за буџетите и буџетските корисници и финансиско – материјално работење и нивна примена;
- ажурно водење на сите деловни книги пропишани со закон во согласност со прифатената стандардна сметководствена практика и сметководствени стандарди;
- навремено и хронолошко регистрирање на комплетирани сметководствени документи во деловни книги;
- контирање на сметководствената документација;
- книжење на налози во дневник и главна книга за сметководство;
- водење на материјално книговодство за основни средства и ситен инвентар;
- сложување на финансиското со материјалното книговодство и сложување на синтетичките со аналитичките картици;
- ликвидирање на фактури, организрање на работата на благајната и благајничкото работење;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 8**

**Г. СЕКТОР за јавни набавки** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на состојбите од аспект на реализација на работите од областа на јавните набавки;
- следење и применување на Законот за јавните набавки и на Регистерот на постапките за јавни набавки и доставување податоци до Бирото за јавни набавки;
- обезбедување услови за работа на Комисијата за јавни набавки;
- спроведување на постапката за набавките согласно Законот за јавните набавки со обезбедување на транспарентност на постапката за јавни набавки, давање соодветна стручна помош во насока на поголема едуцираност на Комисијата за јавните набавки за водењето на постапката;
- учествување во подготвителните работи за спроведување на постапката за набавка;
- вршење и други работи што ке му бидат доверени.

**Г.1. Одделението за набавки од мала вредност** ги врши работите кои се однесуваат на:

- планирање и изготвување на годишни планови за јавни набавки од мала вредност согласно законот за јавни набавки,
- учество во подготвителните работи за спроведување на постапката за набавки од мала вредност,
- водење евиденција на реализирани набавки од мала вредност,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Г.2. Одделението за набавки од голема вредност** ги врши работите кои се однесуваат на:

- планирање и изготвување на годишни планови за јавни набавки од голема вредност согласно законот за јавни набавки,
- учество во подготвителните работи за спроведување на постапката за набавки од голема вредност,
- водење евиденција на реализирани набавки од голема вредност,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 9**

**Д.** **СЕКТОР за развој на Општината** ги врши работите што се однесуваат на:

- следењето и проучувањето на прописите во врска со уредување на прашања од областа на развојот на Општината;
- изготвување планови за развој на Општината;
- -иницирање и утврдување на развојни и структурни приоритети како и основи и мерки за водење на економската политика на Општината;
- овозможување услови за поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и претприемништвото;
- обезбедување документациона база на податоци за потребите на планирањето и програмирањето на развојот на Општината;
- остварување контакти за учество на проекти до меѓународни субјекти и донатори за поддршка на развојот на Општината;
- предлагање на концепти на прилив на донаторски средства;
- следење на активностите од областа на угостителството, туризмот, занаетчиството и малото стопанство и предлагање мерки за развој на истите;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Д.1. ОДДЕЛЕНИЕ за локален економски развој** ги врши работите кои се однесуваат на:

- планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојните и структурните приоритети на Општината;
- предлагање и водење на локална економска политика;
- преземање активности и поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој контекст учествува во воспоставување и развој на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
- вршење и други рабити што ке му бидат доверени.

**Д.2. ОДДЕЛЕНИЕ за занаетчиство,угостителство и туризам** ги врши работите кои се однесуваат на:

- вршење на работите од областа на угостителството, туризмот и занаетчиството и и развој на истото,
- водење евиденција на субјекти од областа на занаетчиството угостителството и туризмот во Општината,
- вршење и други рабити што ке му бидат доверени.

**Д.3. ОДДЕЛЕНИЕ за меѓународна соработка и поддршка на здруженија на граѓаните** ги врши работите кои се однесуваат на:

- остварување контакти за учество на проекти до меѓународни субјекти и донатори за поддршка на развојот на Општината,
- предлагање и изготвување на апликации за проекти од интерес за Општината,
- предлагање и развивње на систем на соработка и поддршка на здруженијата на граѓани,
- вршење и други рабити што ке му бидат доверени.

**Член 10**

**Ѓ. СЕКТОР за урбанизам** ги врши работите што се однесуваат на:

- следењето и проучувањето на прописите од областа на урбанизацијата на просторот на Општината;
- покренување на иницијативи и предлози за донесување и изменување на деталните урбанистички планови и урбанистичката документација за населените места;
- следење и применување на законите и учествување во подготвување на информациона и докуметнациона основа за изработка на плановите;
- анализирање и обработување на барањата и иницијативите на правните и физички лица за измена на еталните урбанистички планови и давање на стручно мислење во врска со нив;
- координирање на активностите во текот на изработката на Генералниот урбанистички план на Град Скопје;
- програмирање на урбанизацијата на просторот во Општината;
- учество во подготвување на информационата и документационата основа за изработка на плановите;
- спроведување на деталните урбанистички планови и водење постапка на издавање на техничката документација за градење на објекти од локално значење почитувајќи ги законите од областа на урбанизмот;
- следење на состојбите од аспект на реализација на донесената урбанистичка документација;
- изготвување на информации за потребите на Градоначалникот и Советот на Општината по разни прашања од областа на урбанизмот;
- водење евиденција за геодетските урбанистички подлоги ;

- вршење и други работи што ке му бидат доверени.

**Ѓ.1. ОДДЕЛЕНИЕ за просторно и урбанистичко планирање** ги врши работите што се однесуваат на:

- Следење на состојбите што се однесуваат на просторното и урбанистичкото планирање;
- програмирање урбанизација на просторот во Општината;
- подготвување на информациона и документациона основа за изработка на плановите;
- учествување во организацијата и координацијата на активностите во постапката за изработка и донесување на Деталните урбанистички планови;
- водење на постапката за изменување на деталните урбанистички планови;
- учествување во подготовките во постапката на донесувањето на деталните урбанистички планови во сите фази и со постојано контактирање со проектантските организации, јавни претпријатија и други органи и организации;
- учествување во изработката на годишните програми за уредување на градежното земјиште;
- подготвување на информации по разни прашања од областа на просторното и урбанистичкото планирање за потребите на Градоначалникот
- изготвување и водење постапка за донесување на општи акти од областа на просторното и урбанистичко планирање;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Ѓ.2. ОДДЕЛЕНИЕ за спроведување на урбанистички планови** ги врши работите од областа на:

- реализирањето на урбанистичките планови и водењето на постапката за издавање на техничка документација;
- изготвување, извештаи и информации и записници за увид на лице место и други акти од таа област;
- вршење прием на странки и давање потребни информации;
- следење на проблематиката од областа на регулацијата на објектите, изработка на протокол, издавање протоколи за градежна, регулациона и нивелациона линија, снимање на објекти од нерегулирана градба и евидентирање на геодетска урбанистичка подлога;
- следење на проблематиката од областа на урбанизмот заради вршење на нормативно правни работи од оваа област;
- спроведување на постапката за донесување на деталните урбанистички планови;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 11**

**Е. <u>СЕКТОР за уредување на градежно земјиште, комунални работи</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- следењето и проучувањето на состојбите од областа на уредувањето на градежното земјиште, комуналните дејности и заштитата на животната средина и природата;
- изготвување Програмата за одржување и реконструкција на сервисните и станбените улици од подрачјето на општината и за одржување и реконструкција на локалните патишта;
- изготвување на Програма за јавно осветлување и нивна реализација;
- изготвување на Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општината;
- следење на состојбите и планирањата на изградба , реконструкцијата и одржување на улиците во населените места, како и на сервисните и станбените улици и состојбите со комуналната инфраструктура;
- учествување во подготвување на нормативната регулатива во областа на уредувањето на градежното земјиште и комуналните работи.
- вршење анализи на одредени состојби од областа за потребите на Градоначалникот и Советот на Општината и давање предлози за нивно решавање, изготвување информации, извештаи и други материјали;
- грижа за уличното осветлување , реконструкцијата и изградбата;
- вршење и други работи што ке му бидат доверени.

**Е.1. ОДДЕЛЕНИЕ за уредување на градежно земјиште** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на состојбите од областа и планирање и организирање на изградбата, реконструкцијата и одржувањето на улиците во населените места и сервисните и станбените улици
- подготвување годишни програми и нивно реализирање и учествување во склучувањето на договорите со изведувачите за потребите на Општината
- следење на состојбите од уредувањето на градежното земјиште и изготвување на програмите од областа на Секторот;
- преземање на потребни оперативни активности за реализација на програмите;
- вршење стручен надзор и потпишување на ситуации за извршените работи и подготвување извештај за реализација на програмите;
- вршење и други работи што ке му бидат доверени.

**Е.2. ОДДЕЛЕНИЕ за комунална инфраструктура** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвувањена годишни програми за изградба и одржување на комуналната инфраструктура и опрема,
- организирање на активности за реализација на комуналната инфраструктура и опрема.
- вршење стручен надзор и потпишување на ситуации за извршените работи,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 12**

**Ж.** **<u>СЕКТОР за дејности од јавен интерес</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа, основното образование, културата, спортот, детската заштита, социјалната заштита, здравствената заштита и се грижи за нивна примена во Општината;
- следење на развојот на системот на локалната самоуправа во Општината и неговото остварување од аспект на развој на дејности од јавен интерес;
- следење на меѓународните искуства во реализацијата и развојот на локалната самоуправа во системот на дејности од јавен интерес и испитување можностите за покренување иницијативи и предлози за нивна имплементација во Општината;
- иницирање, предлагање и раководење со проекти од областа на основното образование, детска заштита, социјалната заштита и здравствената заштита, спортот и културата;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Ж.1.** **ОДДЕЛЕНИЕ за образование** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законите и другите прописи од областа на основното образование, и се грижи за нивна примена во Општината;
- обезбедување услови за развој на основното образование во Општината,
- поттикнување и помагање на активностите во основното образование во Општината,
- обезбедување на институционална и финансиската поддршка на Основните училишта и проекти поврзани со нивно развивање од значење за Општината;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Ж.2.** **ОДДЕЛЕНИЕ за детска заштита, социјална заштита и здравствена Заштита** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законите и другите прописи што се однесуваат на областа на детската заштита, социјалната заштита и здравствената заштита и се грижи за нивна примена во Општината;
- обезбедување услови за развој на квалитетно организирање, поттикнување и помагање манифестации и приредби од значење на Општината од областа на детската, социјалната и здравствената заштита;
- остварување на социјалната грижа за категории лица опредлеени со закон и за управување, основање, финансирање и одржување на јавни установи;
- здравственото воспитување, унапредување на здравјето, преземање на превентивни активности, здравствен надзор над животната средина и над заразните болести;
- иницирање, предлагање и по потреба раководење и учествување во проекти од детската социјалната и здравствената заштита;
- вршење други работи што ќе му бидат доверени.
-

**Ж.3. ОДДЕЛЕНИЕ за култура и спорт** ги врши работите што се однесуваат на:

- обезбедување услови за развој на масовен и квалитетен спорт во Општината,
- организирање, поттикнување и помагање на спортските манифестации и приредби од значење за Општината,
- негување на традиционалните како и помагање и развој и на современите културни вредности,
- организирање и поддржување на разновидни специфични форми на културно творештво,
- одбележување на настани и личности од значење за Општината,
- вршење други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 13**

**3. <u>СЕКТОР за заштитана животната средина и природата</u>** ги вриши работите што се однесуваат на:

- следење и проучување на состојбите од областа на заштитата на животната средина и природат,а
- изготвува програма за заштита на животната средина и природата,
- учествување во подготвување на нормативна регулативе во областа на заштита на животната средина и природата,
- вршење анализи и правење проценки за потенцијалните опасности за загрозување на во областа на заштитата на животната средина и природата,
- вршењето стручен надзор и подготвување на извештаи за реализација на програмите,
- вршење други работи што ќе му бидат доверени.

**3.1. ОДДЕЛЕНИЕ за заштита на животната средина и природата** ги врши работите што се однесуваат на:

- подготвување,следење, проучување и применување на прописите од областа на заштитата на животната средина и природата,
- амбиентниот воздух и бучавата и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето и заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење, одводнувањето на отпадните и атмосферски води, чистењето на јавните површини;
- подготвување на годишни програми и организирање на нивната реализација и подготвување на извештаи за реализација на програмите;
- надзор над примената на технички-технолошките мерки за заштита на воздухот и водите од загадување;
- учествување во изработката на годишните програми од областа на заштита на животната средина и природата;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**3.2. ОДДЕЛЕНИЕ за енергетска ефикасност,** ги врши работите што се однесуваат на:

- врши административно општи работи од обласа на енергетската ефикасност
- изготвување ан програма за јавно осветлување и нивна реализација
- грижа за уличното осветлување, реконструкција и изградба
- вршење стручен надзор и подготовка на извештаи и ревизии на програмите за енергетска ефикасност
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 14**

**S. <u>СЕКТОР за односи со јавност и информации на граѓани</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење на работи и задачи што се во функција на остварување на начелото на јавност и транспарентност во работењето на органите на Општината;
- информирање на пошироката јавност за работата на Градоначалникот;
- организирање на контакти со средствата за јавно информирање и обезбедување на присуство на нивни претставници на прес-конференциите и на брифинзите со Градоначалникот и Претседателот на Советот, како и на седниците на Советот;
- изготвување и уредување на локалниот весник "Карпош" и на Службеното гласило на Општината;
- овозможување слободен пристап до информации од јавен карактер;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**S.1. ОДДЕЛЕНИЕ за односи со јавност** ги врши работите што се однесуваат на:

- организирање на комуникација со медиумите во однос на активностите на органите на Општината;
- подготвување на прес-конференциите, брифинзите и интервјуата со новинарите;
- анализирање на дневниот клипинг и учествување во дневните брифинзи за Градоначалникот на Општината;
- давање писмени одговори на прашањата од новинарите поставени преку отворена телефонска линија за новинари и граѓани;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**S.2. ОДДЕЛЕНИЕ за информации на граѓани**те врши работи што се однесуваат на:

- остварувањето контакти со граѓаните во функција на давање помош и информации за прашањата што се од нивен интерес со цел граѓаните да ги остварат нивните права загарантирани со Устав, закон и други прописи и општи акти;

- изготвување на пишани процедури и постапки за постапување и заштита со податците на граѓаните кои имаат карактер на заштитени податоци,
- посредување при остварувањето на слободен пристап на информации од јавен карактер;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 15**

**И. <u>СЕКТОР - инспекторат</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење и применување на прописите од областа на инспекцискиот надзор во локалната самоуправа, урбанистичкото планирање, градежништвото, комуналните дејности, заштита на животната средина, управување со отпадот и други прописи и општи акти кои се однесуваат на работењето на Одделението;
- вршење инспекциски надзор за легалноста при изградбата на објекти;
- наредување, прекинување на изградба, отстранување на градба и затварање на градилишта и други работи согласно со Законот за градење;
- вршење инспекциски надзор во областа на донесувањето на урбанистичките планови;
- вршење увид во начинот на чување и заверување на урбанистичките планови и картираните подлоги;
- вршење инспекциски надзор врз законитоста на решенијата за локациски услови и други работи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање;
- вршење инспекциски надзор од областа на комуналните дејности согласно Законот за комуналните дејности;
- преземање активности за отстранување на нерегистрираните моторни и други возила од јавните површини;
- инспекциски надзор над примената на поблиските прописи, техничките нормативи и стандардите при изведувањето на работите и употребата на материјалот при изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на тие патишта и улици, согласно Законот за превоз во патниот сообраЌај и Законот за јавни патишта;
- инспекциски надзор од областа на заштитата на животната средина согласно Законот за животната средина и други прописи од оваа област;

**И.1. ОДДЕЛЕНИЕ за урбанистичка инспекција и градежна инспекција**
ги врши работите што се однесуваат на:

- вршење работи што се однесуваат на континуирано следење на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа и законите и другите прописи за чие извршување е надлежен секторот;
- вршење работи на инспекциски надзор над примената на Законот за градење, Законот за просторно и урбанистичко планирање, прописите од комуналната сфера и од патниот сообраќај и патиштата и подзаконските акти и прописи од областите .

- водење управна постапка во прв степен и донесување решенија;
- поднесување барања за поведување прекршочна постапка, како и предлози за поведување кривична постапка;
- вршење стручна обработка на прашања што се од значење за примена на законските прописи;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**И.2. ОДДЕЛЕНИЕ за комунална инспекција** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење на законските прописи и други општи акти од областа на локалната самоуправа поврзани со комуналниот ред во Општината;
- вршење инспекциски надзор согласно на прописите и Одлуките на Општината кои се однесуваат на комуналниот ред.
- поднесување барања за поведување прекршочна постапка
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 16**

**J. <u>СЕКТОР за информатичка технологија</u>** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање и реализација на планови за информатичко осовременување на работата на органите и телата на Општината,
- координирање и помагање на активностите на сите сектори во Општината во областа на воведувањето на нови информатички технологии во нивната работа,
- обезбедување стручна помош и поддршка на останати институции и организации кои заедно со Општината се вклучени во реализација на проекти од интерес на граѓаните на Општината,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**J.1. ОДДЕЛЕНИЕ за развој на информациониот систем** ги врши работите што се однесуваат на:

- предлагање на програми во сферата на информатичко унапредување на работите на Општината,
- изготвување оперативни планови за воведување на нови софтверски апликации за активностите на органите и телата на Општината,
- ажурирање на содржината на њеб страницата на Општината во соработка со останатите органи и тела на Општината,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Ј.2. ОДДЕЛЕНИЕ за информатичко-комуникациска инфраструктура** ги врши работите што се однесуваат на:

- изготвување планови и програми за технолошко осовременување на Општината во
  согласност со потребите за осовременување и подобрување на работата,
- давање препораки за видот и обемот на потребната информатичко-комуникациска
  опрема во согласност со барањата на општинските органи и тела,
- грижа за навремено и исправно одржување на постојната информатичко-комуникациска опрема на Општината,
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Ј.3. ОДДЕЛЕНИЕ за географски информационен систем(ГИС)** ги врши работите што се однесуваат на:

- редовно ажурирање на податоците на ГИС апликацијата во соработка со секторот за урбанизам,
- давање препораки за надградба на постојниот ГИС систем.
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 17**

**ОДДЕЛЕНИЕ за човечки ресурси** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење, проучување и применување на законските прописи од областа на локалната самоуправа, работните и службеничките односи;
- подготвување одлука за организацијата, делокругот и начинот на извршување на работите на општинската администрација, Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација, како и измените и дополнувањата на овие акти;
- изготвување стручно-аналитички и други материјали за комисиите на Советот на Општината;
- подготвување и обработување податоци во врска со човечки ресурси и обработување документација за изработка на анализи и информации;
- водење персонални досиеја на сите вработени во општинската администрација;
- водење евиденција за присуство на работа на вработените;
- соработување со Агенцијата за државни службеници во однос на сите прашања поврзани со Законот за државни службеници (работни односи, обуки, оценување и др.)
- спроведување постапка за вработување на државните службеници и на лицата без статус на државни службеници;
- пополнување и доставување ДС обрасци до Централниот регистар за државни службеници што го води Агенцијата за државни службеници;
- учествување во подготовка на годишната програма за обука на државните службеници и вработените во општинската администрација без статус на државни службеници;

- вршење оценка на потребите за обуки и предлага насоки за доусовршување на вработените;
- координирање на процесот на оценување на државните службеници;
- вршење координација и подготвување на планот за користењето на годишните одмори;
- грижење за обезбедување на оптимални услови за работа на вработените;
- врши и други работи утврдени со закон, како и работи кои ќе му бидат доверени од Секретарот на Општината;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 18**

**ОДДЕЛЕНИЕ за внатрешна ревизија** ги врши работите што се однесуваат на:

- следење, проучување и применување на законските прописи и други општи акти во областа на внатрешната ревизија и други законски и општи акти од областа на локалната самоуправа;
- вршење внатрешна ревизија согласно со закон и други прописи и со системот и процедурите за внатрешна ревизија воспоставени од Општината, согласно со меѓународните стандарди за професионално работење на внатрешната ревизија прифатени од Министерството за финансии;
- подготвување годишен план за внатрешна ревизија и по одобрување на Градоначалникот на Општината го обезбедува неговото спроведување и следење;
- вршење внатрешна ревизија на регуларност, финансиски ревизии, системски ИТ ревизии и ревизии на успешност (економичност, ефикасност и ефективност);
- доставување извештаи за извршена ревизија до Градоначалникот и до Одделението за хармонизација на внатрешната ревизија при Министерството за финансии;
- подготвување годишни извештаи за работењето на внатрешната ревизија;
- вршење оценување на значајни фактори на ризик и дава совети на Градоначалникот за намалување на факторите на ризик;
- врз основа на анализи од работењето ја утврдуа и оценува економичноста, ефикасноста и ефективноста во работењето по системите за финансиско управување и контрола и дава препораки за подобрување на работењето на општинската администрација;
- следење и проверување точноста и комплетноста на сметководствената евиденција и финансиските извештаи;
- утврдување и оценување на усогласеноста на работењето со законите и подзаконските акти на органите на Општината;
- врши работи кои ќе му бидат доверени од Градоначалникот на Општината;
- вршење и други работи што ќе му бидат доверени.

**Член 19**

Општинската администрација врши и работи делегирани од органите на државната управа во согласност со законот.

## III .РАКОВОДЕЊЕ СО ОРГАНИЗАЦИОНИТЕ ОБЛИЦИ

**Член 20**

Работата на општинската администрација е јавна.

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на Општината.

Со секторот раководи раководител на сектор**.**

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот со секторот раководи помошник на раководителот на секторот.

Со одделението раководи раководител на одделението.

Во случај на спреченост или отсутност на раководителот на одделението го заменува државен службеник со највисоко звање од одделението кој ќе го определи раководителот на секторот.

**Член 21**

Вкупниот број на вработени во општинската администрација и распоредот по звања и работни места го утврдува Градоначалникот на Општината со Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општината Карпош.

**Член 22**

За правата, должностите и одговорностите кои произлегуваат од работниот однос на државните службеници, се применуваат законските одредби со кои се уредуваат овие права.

**Член 23**

За вработените што немаат статус на државни службеници ќе се применуваат одредбите од областа на работните односи.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 24**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр.07-1299/3 од 13.03.2006 година /"Службен гласник на Општина Карпош бр 03/06 и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр. 07-1500/4 од 22.06.2007 година /Службен гласник на Општина Карпош бр. 14/07 и Одлуката за организација, делокруг и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Карпош бр..07-1263/2 од 23.04.2008 година

**Член 25**

Оваа Одлука влегува во сила со денот донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Карпош, по добиена Согласност од Агенцијата за државни службеници.

Број 07- 2730/2
31.08.2009 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош “ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Програмата за спроведување на социјална заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош

1. Се објавува Програмата за спроведување на социјална заштита и заштита на децата, граѓани на Општина Карпош, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/3
1.09.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА

**Стевчо Јакимовски,с.р.**

24.-

Врз основа на чл. 6 и 15 став 1 точка 7 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на РМ“ бр. 55/04) и член 11 од Законот за социјалната заштита (“Службен весник на РМ“ бр. 79/09), како и согласно член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 05/02) и член 3 став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 13 јули 2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
за спроведување на социјалната заштита и
заштитата на децата, граѓани на Општина Карпош

Со оваа Програма се уредува спроведување на социјалната заштита на Општината “Карпош“ превентивна заштита за намалување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот на Општина “Карпош“, намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита.

Со Програмата на Владата на РМ се утврдуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението, социјалната превенција и начинот и средствата за остварување на социјална заштита.

**СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА**

Носители на социјална заштита се Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во градот Скопје во рамките на нивните надлежности, а во согласнсот со Законот за социјална заштита.

Со одредбите од Законот за социјална заштита и Законот за заштита на децата определено е:

Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје обезбедуваат спроведување на социјалната заштита во согласност со овој закон, донесуваат програми за потребите на граѓаните од областа на социјалната
заштита, согласно со Националната програма од чл. 4 став 1 на

- Тимот го формира Градоначалникот
- Потребната документација за ангажирање ја одобрува

Градоначалникот со претходно мислење на стручниот тим.

5. Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува по добивање на мислење од Министерството за труд и социјална политика.

Број 07-2730/3
31.08. 2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски, с.р.**

35.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на  Програмата за изменување
на Програмата за  дејноста спорт за 2009 година

1. Се објавува Програмата за изменување на Програмата за  дејноста спорт за 2009 година, донесена на Петтата  седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август  2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/4
1.09.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА

**Стевчо Јакимовски,с.р.**

36.-

Врз основа на член 6 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на РМ” бр.55/04), а во врска со член 36 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.05/02), како и согласно член 3 став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.01/06), Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**

за изменување на Програмата за
дејноста спорт за 2009 година

**Член 1**

Во Програмата за дејноста спорт за 2009 година број 07-3576/3 од 10.12.2008 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.21/08) и изменување и дополнување на Програмата број 07-1980/6 од 25.06.2009 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр 07/09) се врши изменување и тоа во Табеларните прегледи во делот **II - Спортски активности под покровителство на Општина Карпош**.

- Точка бр.3 – „Меморијален турнир во мал фудбал „Сокол“ . Во делот ресурси-трошоци наместо зборовите спортски реквизити (мрежи и топки), поправка на игралиште и промоција да стои зборот “награди“ и наместо финансиските средства во износот од 20.000,00 денари да стои износот 350 000,00 денари

| Активност | Време и место | Организатор-покровител | Очекуван резултат | Ресурси<br><br>Трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **3.Меморијален турнир во мал фудбал „Сокол“** | Септември отомври 2009<br><br>Во ОУ„Х Т Карпош“ | Група граѓани од МЗ Карпош 1<br><br>Општина Карпош | • 200 учесници<br>• Оддавање почит и одбележување на годишнина од смрт. | ♣ Награди<br><br>**350.000,00 ден.** |

- Точка бр.6 – Наместо зборовите „Поддршка и вклучување на спортисти поединци и спортски клубови во традиционални, хуманитарни, меморијални турнири и други спортски активности“, да стојат зборовите :„Материјална поддршка на спортисти и поединци во сферата на спортот и спортските активности. Во делот ресурси-трошоци наместо финансиските средства во износот од 600.000,00 денари да стои износот 890 000,00 денари.

Во делот 2 - **Спортски активности под покровителство на Општина Карпош**

| Активност | Време и место | Организатор-покровител | Очекуван резултат | Ресурси<br><br>Трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **6. Материјална поддршка на спортисти и поединци во сферата на спортот и спортските активности** | Континуирано преку цела година | Општина Карпош | ♣ Афирмација на млади и талентирани поединци и клубови<br>♣ натпреварувачка атмосфера | Сектор за дејности од јавен интерес<br><br>Сектор за поддршка на Градоначални-кот<br><br>890.000,00 денари |

се додава нова точка број 7 која гласи: "Материјална поддршка на спортските клубови во традиционални, хуманитарни, меморијални турнири и други спортски активности.

Во делот ресурси-трошоци да стои износот од 1.500.000 денари .

| Активност | Време и место | Организатор-покровител | Очекуван резултат | Ресурси<br><br>Трошоци |
|---|---|---|---|---|
| **7. Материјална поддршка на спортските клубови во традиционал-ни,хуманитарни, меморијални турнири и други спортски активности** | Континуирано преку цела година | Општина Карпош | ♣ Афирмација на спортски клубови<br>♣ натпреварувачка атмосфера | Сектор за дејности од јавен интерес<br><br>Сектор за поддршка на Градоначални-кот<br><br>1.500.000,00 денари |

**Член 2**

Оваа Програма за изменување на Програмата за дејноста спорт за 2009 година, влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Карпош.

Број 07-2730/4
31.08.2009 година
Скопје

**ПРЕТСЕДАВАЧ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ**

Трифун Трифуновски, с.р.

38.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош“ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за издавање под закуп на фискултурни сали и друг простор во основните училишта од подрачјето на Општина Карпош

1. Се објавува Одлуката за издавање под закуп на фискултурни сали и друг простор во основните училишта од подрачјето на Општина Карпош, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/5
1.09.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА

**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 и член 50 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02) и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**

за издавање под закуп на фискултурни сали и друг
простор во основните училишта од подрачјето на
Општина Карпош

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува издавањето под закуп на фискултурни сали и другиот простор во основните училишта од подрачјето на Општината.

Фискултурните сали и другиот простор, предмет на издавање под закуп од став 1 на овој член ќе се издава за периодот на учебната 2009 / 2010 година .

**Член 2**

Постапката за издавање под закуп на фискултурни сали и другиот простор во основните училишта од подрачјето на Општината, ќе ја спроведе Комисијата формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

Висината на закупнината како и другите услови за закупот поконкретно ќе се уредат со договорот за закуп.

**Член 4**

Издавањето на фискуктурните сали и другиот простор во основните училишта од подрачјето на Општина Карпош се врши преку јавен оглас кој се објавува во средствата за јавно информирање.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2730/5
31.08.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

**40.-**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за продажба на половни патнички моторни возила

1. Се објавува Одлуката за продажба на половни патнички моторни возила, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/6
1.09.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА

**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 6 точка 10 од Законот за Градот Скопје (“Службен весник на РМ“ бр. 55/04), а во врска со член 36, став 1 , точка 10, од Законот за локалната самоуправа (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 05/02), како и член 3, став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, донесе

## О Д Л У К А

за продажба на половни патнички моторни возила

### Член 1

Се одлучува да се оттуѓат половните патнички моторни возила, сопственост на Општина Карпош, по пат на продажба со усна и јавна лицитација.

### Член 2

Предметните патнички моторни возила, кои се предмет на продажба се:

марка: волксваген, тип ГОЛФ 18, година на на производство 1995 , боја - плава 9Ф и регистарски број СК – 324-МЗ ; и

марка: Застава, тип ЈУГО КОРАЛ 45, година на производство 1989, боја – бела 01 и регистарски број СК-040-ДН.

### Член 3

Почетната цена за наддавањето при продажбата на патничките моторни возила наведени во член 2 од оваа Одлука, ќе биде определена според критериумите и проценката од овластен проценител за половни моторни возила, сразмерно на пазарната вредност на ваков вид моторни возила.

### Член 4

Постапката за придажба ќе ја спроведе посебна три члена Комисија од редот на Општинската администрација, составена од Градоначалникот на Општина Карпош.

Стручните и административно-техничките работи за потребите на Комисијата од став 1 на овој член ќе ги врши Одделението за нормативно-правни работи на Општина Карпош.

**Член 4**

Договор за купопродажба на предметните патнички моторни возила ќе склучи Градоначалникот на Општина Карпош со најповолниот понудувач на лицитацијата.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2730/6
31.08.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош “ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
за објавување на Одлука за набавка на нови патнички
моторни возила и едно лесно товарно возило

1. Се објавува Одлуката за набавка на нови патнички моторни возила и едно лесно товарно возило, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/7
1.09.2009 година
КАРПОШ,
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА

**Стевчо Јакимовски,с.р**

**43.-**

Врз основа на член 6 точка 10 од Законот за Град Скопје (“Службен весник на РМ“ бр. 55/04), а во врска со 36 став 1 точка 10 и член 62 став 1 и 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр. 05/02), согласно член 3 став 1 и член 16 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06), Советот на Општина Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
за набавка на нови патнички моторни возила
и едно лесно товарно моторно возило

**Член 1**

За потребите на Општина Карпош се одобрува набавка на:

- четири нови патнички моторни возила, и
- едно лесно товарно моторно возило.

Средствата потребни за оваа набавка се планирани во Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 2**

Постапката за набавката на четири нови патнички моторни возила и едно товарно моторно возило, ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки, формирана од Градоначалникот на Општина Карпош.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2730/7
31.08.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

**44.-**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош “ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за доделување на
еднократна парична помош

1. Се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/9
1.09.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

**45.-**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 05/02/ и член 16 од Статутот на Општина Карпош /„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 01/06/, Советот на Општина Карпош на Петтата седница , одржана на 31 август 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош поради претрпена материјална штета на семејството на Предраг Пенушлиски со стан на ул.“Ванчо Мицков“ бр. 8-б, населба Нерези чија куќа е изгорена во пожар, во износ од 300.000,оо денари.

**Член 2**

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош доделува еднократна парична помош на семејството Трпчевска Виолета со стан на ул.“Ванчо Мицков“ бр. 8-а, населба Нерези чија куќа е помалку оштетена во истиот пожар, во износ од 200.000,оо денари.

**Член 3**

Одобрените средства од член 1 и 2 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2009 година.

**Член 4**

Одлуката ќе ја спроведе Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07-2730/9
31.08.2009 год.
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ
на Советот на Општина Карпош,
**Трифун Трифуновски,с.р**

46.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош “ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистичи план за Централен градски парк – Блок 2- Општина Карпош за 2009 година

1. Се објавува Одлука за донеусвање на Детален урбанистичи план за Централен градски парк – Блок 2- Општина Карпош Скопје, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/10
1.09.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

47.-

Врз основа на член 26 став 4, алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање – пречистен текст /"Службен весник на РМ" бр. 137/07, 24/08 и 91/09/ и член 16 од Статутот на Општината Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр. 1/06), Советот на Општината Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
за донесување на Детален урбанистички план
за Централен Градски Парк Блок 2
Општина Карпош, Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален urbанистички план за Централен Градски Парк Блок 2 , Општина Карпош- Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Детален урбанистички план за Централен Градски Парк Блок 2 Општина Карпош- Скопје, се простира во две општини – Општина Карпош и Општина Центар со вкупна површина од П = 126,56 ха.

Во овој дел од проектната документација предмет на изработка е Блок 2 како сегмент на целиот плански опфат, од Градскиот Парк кој припаѓа на Општина Карпош. Истиот е со вкупна површина од 34,88 ха , а е дефиниран со следните граници:

- од Север, осовина на р. Вардар;
- од Запад оска на Бул. "8-ми Септември"
- од Југ и Исток , јужната страна на постојната водена површина од водените токови од паркот.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план за Централен Градски Парк Блок 2 , Општина Карпош- Скопје , содржи парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација, водени површини, улици и пешачки патеки.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Планот се предвидени следните класи намени:

В – јавни институции
В3 - култура
В 3.2. - галерија
В.3.3 - летна сцена
Д - зеленило и рекреација
Д1 - парковско зеленило
Д2 - заштитно зеленило
Д3 - спорт и рекреација
Д3.1 - спортски терени и објекти

Максималната висина на објектите изнесува П ; П+1, ….

Со Планот се одредени:

- облик и големина на градежна парцела (м2);
- регулациона линија;
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради;
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2);
- процент на изграденост (%);
- максимална развиена површина на објект (м2);
- коефициент на искористеност (К);
- намена на објектот;
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, Сообраќајница или пристапна патека
- паркирање-гаражирање на возилата во рамки на парцелите,

**Член 4**

Деталниот урбанистички план содржи:

**С О Д Р Ж И Н А**

**ВОВЕД**

**I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

1. Вовед

2. Географско и геодетско одредување на ланскиот опфат
3. Историјат на планирањето и уредувањето на планскиопт опфат
4. Состојба на природните чинители
    4.1. Местоположба и сообраќајна поврзаност
    4.2. Природни карактеристики
5. Создадени вредности
    5.1. Анализа на состојбата на просторот
    5.2. Намена на површини
    5.3. Градежен фонд
    5.4. Комерцијални објекти
    5.5. Спорт и рекреација
    5.6. Нумерички показатели
    5.7. Постојна инфраструктура
        5.7.1. Постојна улична мрежа
        5.7.2. Хидротехничка инфраструктура
        5.7.3. Електрична мрежа
        5.7.4. Телефонска мрежа
6. Анализа наможностите за просторен развој
    6.1. Анализа на степен на реализација
    6.2. Можности за просторен развој
7. Пописни листи

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

1. Извод од ГУП на град Скопје од 2002 год.................. 1:5000
2. Постојна состојба ................................................................ 1:1000
3. Постојна инфраструктура................................................. 1:1000

**II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**А. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ**

1. Вовед
2. Географска и геодетска местоположба на планскиот опфат
3. Извод од ГУП
4. Образложение на планскиот концепт за просторен развој
5. Поделба и обележување на единиците на градежното земјиште
6. Класа на намена на површини и градби
    Јавни институции
    Парковско зеленило
7. Нумерички показатели
    Нумерички показатели по намена
    Нумерички показатели по блокови и градежни парцели
8. Билансни показатели
9. Планирана инфраструктура

Нивелациски план
Сообраќајно решение
Хидротехничка инфраструктура
Електроенергетика
Телефонска мрежа

10. Мерки за заштита
11. Услови за изградба

Општи услови за изградба
11.2.Посебни услови за изградба

**Б. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

1. Синтезен план 1:1000
- План на намена на земјиштето и градбите
- Регулационен план
- План на површини за градење

2. Сообраќаен план и
Нивелациски план 1:1000

3. Инфраструктурен план 1:1000

**Член 5**

Составен дел на Деталниот урбанистички план се:

- Текстуален дел;
- Графички прилози;
- Основни парамтери за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општината Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 7**

Советот на Општината , во рок од 30 дена од завршувањето на целосната законска постапка за донесување на Деталниот урбанистички план, ќе обезбеди комплетна документација за реализација на Планот.

**Член 8**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општината Карпош.

**Член 9**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07-2730/10<br>31.08.2009 година<br>С к о п ј е

ПРЕТСЕДАВАЧ<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА КАРПОШ,<br>**Трифун Трифуновски,с.р**

51.-

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/, а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Капрош “ Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 1/06/, Градоначалникот на Општината Карпош, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистичи план за локалитет Карпош 4 – Стара телевизија Општина Карпош - Скопје

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистичи план за локалитет Карпош 4 – Стара телевизија Општина Карпош - Скопје, донесена на Петтата седница на Советот на Општината Карпош, одржана на 31 август 2009 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош„.

Број 08- 3103/11
01.09.2009 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски,с.р**

**52.-**

Врз основа на член 26 став 4 ,алинеа 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 24/08 – пречистен текст 137/07 , 24/08 и 91/09/ и член 16 од Статутот на Општината Карпош /"Службен гласник на Општината Карпош" бр. 1/06/, Советот на Општината Карпош на Петтата седница, одржана на 31 август 2009 година, донесе

# О Д Л У К А

за донесување на Детален урбанистички план
за локалитет "Карпош 4" Стара телевизија,
Општина Карпош - Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за локалитет Карпош 4 -Стара телевизија , Општина Карпош- Скопје.

Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, барањата во Програмата за содржината на Планот, Правилникот за стандарди и нормативи за планирање на просторот и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови .

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталниот урбанистички план за локалитет Карпош 4 Стара телевизија , Општина Карпош- Скопје, е со површина на урбаниот опфат од П = 8,2 ха.

Овој локалитет е дефиниран со следните граници:

На Исток : - границата се движи по осовината на ул. "Никола Парапунов";
На Запад :- границата се движи по осовината на планираната улица "А" продолжува по западната граница на "Механика" со КП 809, 810 и западната граница на "Комуналец" со КП 116, се до пресекот со новопланираната улица "Илинденска";
На Север: - границата се движи по осовината на улицата "Илинденска"; правец на осовината на новопланираната улица "В";
На Југ: - границата се движи по осовината на планираната улица "Б".

**Член 3**

Подрачјето на опфатот претставува еден урбан блок чии граници се определени според сообраќајната мрежа.

Во рамките на овој локалитет предвидени се намени, согласно со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на планот се предвидени следните класи намени:

А2 - семејно домување во станбени згради
Б - комерцијални и деловни намени
Б1 - мали и комерцијални деловни дејности
Б2 - трговски единици
Б3 - угостителски единици
Б4 - деловни дејности
Г - производство, дистрибуција и сервиси
Г5 - комунална инфраструктура
Б.П - бензинска пумпа
Д1 - паркови и зеленило
Д2 - заштитно зеленило
Максималната висина на објектите изнесува Н мах. = 16.00 м.

Со Планот се одредени:
- облик и големина на градежна парцела (м2);
- регулациона линија;
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради;
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот (м2);
- процент на изграденост (%);
- максимална развиена површина на објект (м2);
- коефициент на искористеност (К);
- намена на објектот;
- максимална висина на објектот (до завршниот венец) од ниво на тротоар, Сообраќајница или пристапна патека
- паркирање-гаражирање на возилата во рамки на парцелите,

**Член 4**

Предлог - Деталниот урбанистички план содржи:

**СОДРЖИНА**


**ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**.......................................................... 6

1. Вовед........................................................................................... 6
2. Цел, значење и метод на изработка на Планот....................... 6
3. Хронологија на планирање на просторот.................................... 7
4. Местоположба, граници и површина и сообраќајна поврзаност 7
5. Природни карактеристики............................................................... 8
    5.1 Климатски карактеристики.............................................. 8
    5.2 Рељефни карактеристики................................................ 8
    5.3 Хидролошки карактеристики......................................... 8
    5.4 Сеизмички карактеристики........................................... 8
    5.5. Вегатациски карактеристики и пејсаж...................... 9
6. Анализа на постојна состојба ........................................................ 9

7. Демографија.......................................................................................... 9
8. Градежен фонд ......................................................................................... 10
9. Постојна инфраструктура ................................................................. 11
10. Насоки за просторен развој од плановите од повисоко ниво 11
11. Резиме н можности за развој кои произлегуваат од документационата основа................................................................ 11

**ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** ..................................................................... 14

1. Планска програма ........................................................... 14
2. Граница на плански опфат.......................................................................... 14
3. Простоен концепт........................................................................................ 15
4. Економско образложение за начинот, обемот и динамикат ана финансирње на реализација на планските решенија ....................... 15
5. Единици на градежно земјиште ............................................................ 15
6. Класа на намени ....................................................................................... 16
7. Сообраќајно решение ................................................................................ 17
8. Нивелациско решение .............................................................................. 18
